МК

# ДЕТАЛНИ УПАТСТВА
ЗА УПОТРЕБА НА МАШИНАТА
ЗА ПЕРЕЊЕ

gorenje



www.gorenje.com

Ви благодариме за довербата при купување наша машина за перење. Вашата нова машина за перење им одговара на барањата за модерна нега на алишта, вашите алишта ќе бидат наполно бели и при пониски температури со употреба на посебни програми за перење, како што е **Ultra White**. **SensoCare** технплогија па ви овозможува едноставно ракување со машината за перење. Вашата машина за перење е економична при потрошувачка на електрична енергија, вода и средства за перење.
Машината за перење е наменета исклучиво за употреба во домаќинство, за перење алишта за кои е дозволено перење во машина за перење.

Од суштинско значење е внимателно да го прочитате ова упатство.

# СОДРЖИНА


УВОД

4 БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕДУПРЕДУВАЊА

10 МАШИНА ЗА ПЕРЕЊЕ
11 Технички податоци
12 Единица за управување

ПРВА ПОДГОТОВКА НА АПАРАТОТ

14 НАМЕСТУВАЊЕ И ПРИКЛУЧУВАЊЕ
14 Отстранување на транспортните осигурувачи
15 Избирање просторија
15 Наместување на машината за перење
17 Приклучување на довод на вода
18 Aqua - stop
18 Целосен aqua - stop
19 Наместување на одводното црево
20 Приклучување кон електрична мрежа
21 Поместување и транспорт
21 Повторен транспорт

22 ПРЕД ПРВАТА УПОТРЕБА

ЧЕКОРИ НА ПЕРЕЊЕ

23 ЧЕКОРИ НА ПЕРЕЊЕ (1 - 7)
23 1. Чекор: Земете ги во обзир етикетите на алиштата
24 2. Чекор: Подготовка на перење алишта
26 3. Чекор: Избирање програма
29 4. Чекор: Избирање дотерување
31 5. Чекор: Избирање додатни функции
34 6. Чекор: Задвижување на програмата
34 7. Чекор: Крај на перењето

ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА АПАРАТОТ

35 ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ
35 Чистење на садот за дозирање
36 Чистење на куќиштето на садот за дозирање, мрежичката на доводното црево и гумениот затнувач на вратата
37 Чистење на филтерот
38 Чистење на машината за перење

РЕШАВАЊЕ НА ТЕШКОТИИ

39 ПРЕКИНУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
41 Што да се направи...?
42 Табела на пречки и грешки

ДРУГО

44 СОВЕТИ ЗА ПЕРЕЊЕ И ШТЕДЛИВА УПОТРЕБА НА МАШИНАТА ЗА ПЕРЕЊЕ
46 Бабини совети за природно отстранување флеки
48 ОТСТРАНУВАЊЕ
49 ТАБЕЛА НА ПОТРОШУВАЧКИ ВРЕДНОСТИ

# БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕДУПРЕДУВАЊА

**Ве молиме да не ја употребувате машината за перење,** ако пред тоа не сте ги прочитале и разбрале упатствата за употреба.

**Пред првата употреба на машината** задолжително да ги отстраните транспортните осигуровачи, во спротивно при вклучување блокирана машина можат да настанат тешки оштетувања. Гаранција за поправка на овие оштетувања не важи!

**При приклучување на машината за перење на водоводна мрежа** задолжително да го употребите приложеното доводно црево и затнувачот.

**Неземање во обзир на упатствата за употреба,** односно погрешна употреба на машината за перење, може да доведе до оштетување на алиштата, машината или корисникот. Упатствата за употреба чувајте ги во близина на машината за перење.

**Машината да не ја наместувате во просторија каде температурата може да падне под 0 °C,** бидејќи при замрзнување на водата делови на машината можат да се оштетат.

Машината за перење наместите ја рамно и стабилно на цврста (бетонска) подлога.

Земете ги во обѕир упатствата за правилно наместување и приклучување кон водоводна и електрична мрежа (види заглавие Наместување и приклучување).

Крајот на одводното црево не смее да зафаќа во водата што истечува.

Вратата пред почеток на перење притисните ја на означеното место, да се закачи.
За времеработење на машината вратата не може да се отвори.

**Препорачуваме пред првото перње** да отстрните евентуални нечистотии од тапанот на машината за перење со употреба на самочистечка програма (види заглавие избирање додатни функции).

**Употребувајте само средства за машинско перење и нега на алишта.** За евентуални оштетувања и обојување на затнувачи и пластични делови кои се последица од неправилна употреба на средства за белење и боење на алиштата, не одговараме.

**При отстранување облоги** од бигор употребувајте средства во кои е додадено средство за заштита против корозија. Земете ги во обѕир упатствата на производителот. Отстранување облоги од бигор завршите со повеќекратно плакнење, за да ги отстраните сите остатоци од киселини (на пр. оцет....)

**Не употребувајте средства за чистење кои содржат растворувачи,** бидејќи постои можност за создавање отровни гасови, оштетувања на машината и опасност од палење и експлозија.

За време циклусот на перење на овој производ не се ослободуваат сребрени јони.

По завршеното перење затворите ја водоводната славина и извадите го втакнувачот од приклучницата.

**Пред повторен транспорт** блокирајте ја машината со ставање барем едно стапче. Пред тоа задолжително да ја исклучите машината од електричната мрежа!

**Таблицата** со основни податоци е наместена под отворот од вратата на машината.

**Сите интервенции и поправки на машината за перење** препуштите му ги на стручњак. Заради нестручна поправка може да дојде до несреќа или грешка во работењето.

**Гаранцијата не опфаќа** потрошен материјал, помали отстапувања во бојата, зголемување на гласноста кое е последица од стареење и не влијае врз функционалноста на машината за перење и на естетски грешки на составните делови кои не влијаат врз функционалноста и безбедноста на машината за перење.

**Машината за перење е наменета исклучиво за употреба во домаќинство.** Во случај на употреба на машината за перење за услужни дејности, добитни, професионални намени, односно за намени кои надминуваат вообичаена употреба во домаќинство, или ако машината за перење ја употребува лице кое не е потрошувач, гарантниот рок е еднаков на најкратка гарантна доба, одредена со важечкото законодавство.

**На деца со возраст помала од три години, не дозволувајте да бидат во близина на апаратот, освен ако се цело време под надзор.**

**Машината за перење е изработена согласно со сите пропишани безбедносни стандарди.**
Овој апарат смеат да го употребуваат деца постари од 8 години, како и лица со смалени физички, сензорички и ментални способности или со недостаточни искуства и знаење, меѓутоа само ако апаратот го употребуваат под соодветен надзор, ако добиле соодветни упатства за безбедна употреба на апаратот и ако се поучени за опасностите од несоодветна употреба. Погрижете се деца да не се играат со машината. Деца да не го чистат апаратот или изведуваат работи за одржување на машината без соодветен надзор.

## ПРЕД ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА МАШИНАТА ЗА ПЕРЕЊЕ

Пред приклучување на машината за перење потребно е детално да се прочита упатството за употреба. Отстранување дефект, односно рекламација кој настанал заради неправилно приклучување или употреба на машината за перење, не е предмет на гаранција.

Кај приклучување на апаратот на вода треба да употребиме нова приклучна цевка; стара приклучна цевка не смее повторно да се употреби.

Оштетен приклучен кабел може да го замени само производителот, негов сервисер или овластено лице, да со тоа избегнете опасност.

# МАШИНА ЗА ПЕРЕЊЕ

**(ОПИС НА МАШИНАТА ЗА ПЕРЕЊЕ)**

ОДНАПРЕД

1 Единица за управување
2 Сад за дозирање
3 Врата
4 Филтер




ОДНАЗАД

1 Црево за довод на вода
2 Приклучен кабел
3 Црево за одвод на вода
4 Дотерливи ноџиња



# ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

## (ЗАВИСНО ОД МОДЕЛОТ)

Натписната табличка со основни податоци за машината за перење е наместена под вратата на машината.

| Максимално полнење | Види ја натписната табличка | Види ја натписната табличка (SLIM) |
|---|---|---|
| **Ширина** | 600 mm | 600 mm |
| **Висина** | 850 mm | 850 mm |
| **Длабочина** | 600 mm | 440 mm |
| **Длабочина при отворена врата** | 108 cm | 92 cm |
| **Тежина на машината за перење** | x kg (зависно од моделот) | x kg (зависно од моделот) |
| **Номинален напон** | Види ја натписната табличка | Види ја натписната табличка |
| **Приклучна моќност** | Види ја натписната табличка | Види ја натписната табличка |
| **Приклучок** | Види ја натписната табличка | Види ја натписната табличка |
| **Притисок на водата** | Види ја натписната табличка | Види ја натписната табличка |
| **Струја** | Види ја натписната табличка | Види ја натписната табличка |
| **Фреквенција** | Види ја натписната табличка | Види ја натписната табличка |

Натписна табличка



# ЕДИНИЦА ЗА УПРАВУВАЊЕ




**1** **КОПЧЕ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ/ ИСКЛУЧУВАЊЕ на машината за перење и за избирање програма.**

**2** **ТАСТЕР НАЧИН НА ПЕРЕЊЕ (SensoCare)**

NORMALcare (НОРМАЛНО) — NORM

TIMEcare (ВРЕМЕ) — TIME

ALLERGYcare (АНТИ АЛЕРГИСКО) — ALRG

ECOcare (ЕКО) — ECO

Приказ на начинот (style) на перење ќе се покаже на покажувачот над тастерот.

**3** **ТАСТЕР ИЗБИРАЊЕ ТЕМПЕРАТУРА НА ПЕРЕЊЕ**

Приказ на температурата на програмата ќе се покаже на покажувачот над тастерот.




## 4 ТАСТЕР ИЗБИРАЊЕ ОБРТИ НА ЦЕНТРИФУГАТА (центрифугирање)/ЦРПЕЊЕ (DRAIN)/ЦРПКА СТОП (RH)

Приказ на ОБРТИ НА ЦЕНТРИФУГИРАЊЕ (центрифугирање) )/ ЦРПЕЊЕ (DRAIN/ ЦРПКА СТОП (RH) ќе се покаже на покажувачот над тастерот.

## 5 ТАСТЕР ЗА ИЗБИРАЊЕ ВРЕМЕ ДО КРАЈОТ НА ПЕРЕЊЕ

Приказ НА ВРЕМЕ ДО КРАЈОТ НА ПЕРЕЊЕ

--> ламба во бубањот (зависно од моделот)

## 6 a, b, c ТАСТЕРИ НА ДОДАТНА ФУНКЦИЈА

**6a** Претперење
**6b** Повеќе вода
**6c** Самочистење

## 7 ТАСТЕР СТАРТ/ПАУЗА

За задвижување и прекинување на програмата.

Ламбата на тастерот при вклучување трепка, по задвижување на програмата свети.



353866

# НАМЕСТУВАЊЕ И ПРИКЛУЧУВАЊЕ

## ОТСТРАНУВАЊЕ НА ТРАНСПОРТНИТЕ ОСИГУРУВАЧИ



Отворите затворите ги со двата приложени чепа.

**1** Поместите ги цревата и одвртите ги завртките на задната страна од машината.

**2** Отстраните ги двата аголници.

**3** Аголниците закачите ги во зарезот на блокирното стапче – десниот пред тоа завртите го на другата страна.

**4** Со помош на аголниците завртите ги блокирните стапчиња за 90° и извадите ги.

**Внимавајте да не се повредите!**

**При отстранување на амбалажата внимавајте да не ја оштетите машината за перење со остар предмет.**

**Отстраните ги транспортните осигуруваци, да не би настанале оштетувања при вклучивање блокирана машина. Чувајте ги осигурувачите за евентуален транспорт подоцна.**

**Гаранција за поправка на споменатите оштетувања не важи!**

# ИЗБИРАЊЕ ПРОСТОРИЈА

**Подот на кој стои машината, мора да има бетонска подлога, мора да биде сув и чист, во спротивно машината може да се лизга. Исчистите ги и дотерливите ноџиња.**

# НАМЕСТУВАЊЕ НА МАШИНАТА ЗА ПЕРЕЊЕ

Употребите либела и клучеви бр. 32 (кај ноџињата) и 17 (кај навртката).




**1** Машината израмните ја надолжно и напречно со вртење на дотерливите ноџиња. Ноџињата овозможуваат израмнување +/- 1 cm.

**2** По нивелирање на машината и прилагодување на висината на ногарките, цврсто затегнете ги контра навртките со клуч бр.17 така што истите ќе се прилепат кон кукиштето на машината за перење ⬆ (види слика).

**Несоодветното нивелирање на машината за перење со прилагодливите ногарки може да предизвика вибрации, поместување на апаратот и гласно работење. Несоодветното нивелирање на машината за перење и последиците од тоа не се предмет на гаранција.**

Ако имате машина за сушење со соодветни димензии, можете да ја наместите на машината за перење со употреба на вакуумски ноџиња или покрај машината за перење.




**Пред приклучување машината за перење нека се загрее на собна температура (почекајте најмалку 2 часа).**

# ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ДОВОД НА ВОДА

Во навртката на рамниот приклучок на доводното црево ставите затнувач со мрежичка и привијте го цревото на водоводна славина (кај одредени модели затнувачот со мрежичка е веќе наместен и нема потреба да се става во навртката на рамниот приклучок).




**За непречено работење на машината за перење притисокот на водата во водоводната инсталација мора да биде меѓу 0,05-0,8 MPa. Минималниот притисок на водата ќе го утврдите со мерење на количеството истечена вода. Во 15 секунди мора од наполно отворена славина да истече 3 литра вода.**

**Ако имате модел со приклучоци за топла и ладна вода, тогаш приклучите едно црево на ладна вода (сина боја на крилестата навртка или сина ознака на цревото) и другото црево на топла вода (црвена боја на крилестата навртка или црвена ознака на цревото), така како што е означено на задната страна од машината. Втиснати се буквите C и H (C-cold = ладно и H-hot = топло). Топла вода (мешавина од топла и ладна вода) се дозира само на програми на 60° или повеќе.**

**Доводното црево треба да се привие со рака доволно цврсто (max. 2 Nm), да цревото не непропушта. Непропустливоста на цревото по прививање задолжително да ја проверите. Употреба на клешти или слични алати при монтирање на цревото не е дозволена заради можност за оштетување на навојот на навртката.**

**Ако вашата машина за перење има приклучок за топла вода и ладна вода, вие па сакате да ја приклучите само на довод на ладна вода, ве молиме одвртите го и отстраните доводното црево за топла вода на задната страна на апаратот. Потоа затворите го отворот за довод на топла вода со приложениот капак. (слика 1)**
**Ако вашата машина има приклучок за топла и ладна вода со потполн aquastop (опција B), а вие сакате да ја приклучите само на ладна вода, тогаш морате цевката за топла вода да ја затните со соодветен чеп 3/4", а кој не е приложен кон машината. Штопни од 3/4" се достапни во специјализирани продавници со водоводни материјали и опрема.**

## AQUA - STOP

### (ИМААТ САМО НЕКОИ МОДЕЛИ)

При оштетување на внатрешна цевка се вклучува блокирен систем, кој го прекинува доводот на вода до машината за перење. Прозорчето (A) во овој случај ќе се обои црвено. Доводното црево треба да се замени.




## ЦЕЛОСЕН AQUA - STOP

### (ИМААТ САМО НЕКОИ МОДЕЛИ)

При оштетување на внатрешна цевка се вклучува блокирен систем, кој го прекинува доводот на вода до машината. Безбедносниот систем ќе забележи и ако дошло до истечување вода во внатрешноста на машината. Во овој случај перењето ќе запре, ќе се затвори доводот на вода, машината ја вклучува црпката и ќе јави грешка.



**Приклучно црево со Aqua-stop систем не смеете да го потопувате во вода, бидејќи во него има електричен вентил.**

# НАМЕСТУВАЊЕ НА ОДВОДНОТО ЦРЕВО

Одводното црево наместите го во мијалник или када за бањање, односно директно во одвод (пречник минимално 4 cm). Крајот на одводното црево може да биде најмногу 100 cm и најмалку 60 cm од подот. Можете да го наместите на три начини (A, B, C).







**A** Одводното црево може да се намести во мијалник или када за бањање. Со врвка прицврстите го цревото низ отворот во колената, да не се лизне на подот.

**B** Одводното црево може да се намести директно во одвод на мијалник.

**C** Одводното црево исто така може да се намести во сиден сифонски одвод, кој мора да биде правилно вграден, да може да се исчисти.

# ПРИКЛУЧУВАЊЕ КОН ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА




**При првото наместување, машината мора да стои на место 2 часа, пред да ја приклучите на електрична мрежа.**

Со приклучниот кабел преку ѕидна приклучница поврзете ја машината за перење со електричната мрежа. Машината за перење не смее да биде приклучена на електричната мрежа преку електричен продолжен кабел – опасност од прегревање и пожар. Пропишаниот електричен напон и други податоци се наведени на натписната табличка под рамката од вратата на машината.

Препорачуваме употреба на преднапонски елемент (overvoltage protection) за заштита од удар на гром.

**Ѕидната приклучница мора да биде на дофат и мора да има контакт за заземјување (при земање во обѕир на важечките прописи).**

**Фиксно (трајно) приклучување мора да изврши стручњак.**

**Не приклучувајте ја машината за перење на приклучница наменета за апарат за бричење или за фен за коса.**

# ПОМЕСТУВАЊЕ И ТРАНСПОРТ

**По транспорт машината за перење пред приклучување кон електрична мрежа мора да мирува барем 2 часа. Препорачуваме наместување и приклучување да изврши за тоа оспособено лице.**

**Пред приклучување на апаратот потребно е детално да се прочита упатството за употреба. Отстранување дефект, односно рекламација кој настанал заради неправилно приклучување или употреба на апаратот, не е предмет на гаранција.**

# ПОВТОРЕН ТРАНСПОРТ

Пред повторен транспорт ставите барем едно блокирно стапче (транспортен осигурувач) за да избегнете оштетувања на машината за перење.

# ПРЕД ПРВАТА УПОТРЕБА

Отворите ја вратата на исклучена машина за перење со помош на рачката во насока кон себе.



1



2

Пред првата употреба исчистите го тапанот на машината за перење со влажна крпа и благо средство за чистење или употребите самочистечка програма.

# ЧЕКОРИ НА ПЕРЕЊЕ (1 - 7)

## 1. ЧЕКОР: ЗЕМЕТЕ ГИ ВО ОБЗИР ЕТИКЕТИТЕ НА АЛИШТАТА

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вообичаено перење; Осетливи алишта** | Макс. перење 95°C | Макс. перење 60°C | Макс. перење 40°C | Макс. перење 30°C | Рачно перење | Перење не е дозволено |
| **Белење** | Белење во ладна вода | | | Белење не е дозволено | | |
| **Перење во чистилница** | Хемиско чистење со сите средства (A) | Перхлоретилен R11, R113, Петролеј (P) | | Хемиско чистење во керозин, во чист алкохол и во R 113 (F) | | Хемиско чистење не е дозволено |
| **Пеглање** | Жешко пеглање макс. 200°C | Жешко пеглање макс. 150°C | | Жешко пеглање макс. 110°C | | Пеглање не е дозволено |
| **Сушење** | Ставите на рамна подлога | Обесите мокри<br>Обесите | | Висока темп.<br>Ниска темп. | | Сушење во машина за сушење не е дозволено |

# 2. ЧЕКОР: ПОДГОТОВКА НА ПЕРЕЊЕ АЛИШТА

1. Сортирајте ги алиштата според видот на ткаенината, бојата, степенот на валканост и дозволената температура на перење (види Табела на програми).
2. Закопчајте ги копчињата и затворите ги патентите, врзете ги лентите и превртите ги џебовите нанадвор, отстраните разни метални спојки кои би можеле да ги оштетат алиштата, внатрешноста на машината за перење или затнат одводот.
3. Многу осетливи алишта и помали парчиња алишта ставите во наменска текстилна кеса. (Текстилната вреќа со посебна намена е достапна одвоено.)



# ВКЛУЧУВАЊЕ НА МАШИНАТА ЗА ПЕРЕЊЕ

Со приклучниот кабел приклучите ја машината за перење на електрична мрежа и приклучите ја на довод на вода.
За осветлување на тапанот (имаат само некои модели) завртите го копчето за избирање програма на која било позиција.
Ако за време работење на машината за перење го притисните тастерот (5), извесно време ќе свети ламбата во тапанот.



1



2

# ПОЛНЕЊЕ НА МАШИНАТА ЗА ПЕРЕЊЕ

Отворите ја вратата на машината за перење со помош на рачката во насока кон себе.
Алишта ставите во тапанот (пред тоа уверите се дека е тапанот празен).
Затворите ја вратата на машината за перење.



1



2



3

# 3. ЧЕКОР: ИЗБИРАЊЕ ПРОГРАМА

**Програма** ќе изберете со вртење на копчето за избирање програма в лево или десно (зависно од видот / валканоста на алиштата) – види ја табелата на програми.







**Копчето за време работење не се врти самодејно.**

**Програмите на перење се целосни програми, каде се одвиваат сите фази на перење, вклучително со омекнување и центрифугирање.**

# ТАБЕЛА НА ПРОГРАМИ

| Програма: | Макс. полнење | Алишта | Додатни функции |
|---|---|---|---|
| **Памук**<br>--; - 95°C | 9 kg/<br>8 kg/<br>7 kg<br><br>6 kg" | Неосетливи памучни и ленени алишта (крпи, долна облека, маици, алишта од фротир, трико, чаршафи, кујнски крпи,...) | • центрифугирање<br>• пумпа стоп (RH)<br>• нормално<br>• еко ** ⏀<br>• време<br>• претперење*<br>• анти алергиско*<br>• повеќе вода<br>(*освен на 20°C --)<br>(**освен на --) |
| **Микс/Синтетика**<br>--; 30°C - 60°C | 3,5 kg/<br>3,5 kg/<br>3 kg<br><br>3 kg" | Обоени алишта (слични бои) од различни отпорни мешавини на текстилни влакна (панталони, маици, облеки...) и за други облеки од полиестер, полиамид или мешавина на овие влакна со памук (кошули, блузи...). | • центрифугирање<br>• пумпа стоп (RH)<br>• нормално<br>• еко**<br>• време<br>• претперење**<br>• анти алергиско*<br>• повеќе вода<br>(*освен на 30°C --)<br>(**освен на --) |
| **Рачно перење/ Осетливи**<br>--; 30°C - 40°C | 2,5 kg/<br>2,5 kg/<br>2,5 kg<br><br>1,5 kg" | Осетливи алишта од лен, свила, волна или вискоза кои се означени за рачно перење (облеки, фустани, блузи,..) и завеси. Многу нежна програма, која ќе ја сочува отпорноста на алиштата. | • центрифугирање<br>• пумпа стоп (RH)<br>• нормално<br>• време<br>• повеќе вода<br>• претперење*<br>(*освен на --) |
| **Волна**<br>--; 30°C - 40°C | 2 kg/<br>2 kg/<br>2 kg<br><br>1 kg" | Волнени производи и мешавини со волна (пуловери, шалови, шамии...), кои се означени за перење во машина за перење. | • центрифугирање<br>• пумпа стоп (RH)<br>• нормално<br>• време<br>• повеќе вода |
| **Брзо перење 17´**<br>30°C | 2 kg/<br>2 kg/<br>2 kg<br><br>1,5 kg" | Помалку валкани алишта, за освежување алишта... – заштеда на време и енергија. | • центрифугирање<br>• пумпа стоп (RH)<br>• нормално |
| **Спортска облека**<br>30°C - 40°C | 2,5 kg/<br>2,5 kg/<br>2,5 kg<br><br>2 kg" | Малку валкани спортски облеки од памук, микровлакна и синтетика, при пониски обрти на центрифугирање и кратко завршно центрифугирање. | • центрифугирање<br>• пумпа стоп (RH)<br>• нормално<br>• повеќе вода<br>• претперење |
| **Ноќно перење**<br>--; 30°C - 60°C | 3,5 kg/<br>3,5 kg/<br>3,5 kg<br><br>3 kg" | Мешани обоени алишта од различно отпорни ткаенини, со нежно вртење лево-десно, со пократки времиња на перење и пониски обрти на центрифу-гирање (на центрифугата) | • центрифугирање<br>• пумпа стоп (RH)<br>• нормално<br>• повеќе вода<br>• претперење*<br>(*освен на --) |
| **Био перење**<br>40°C - 60°C | 9 kg/<br>8 kg/<br>7 kg<br><br>6 kg" | Перење алишта без или со малку додадени средства за перење и со употреба на еко куглички за перење, со нежно вртење лево-десно и ниски обрти на центрифугирање. | • центрифугирање<br>• пумпа стоп (RH)<br>• нормално |

"податоци за slim
-- ладно перење

| Програма: | Макс. полнење | Алишта | Додатни функции |
|---|---|---|---|
| Перфектно црно 30°C | 2,5 kg/<br>2,5 kg/<br>2,5 kg<br><br>2 kg" | Темни алишта со употреба на наменски средства за перење за црни алишта, за перење при ниски температури, со нежно вртење лево-десно и ниски обрти на центрифугирање. | • центрифугирање<br>• пумпа стоп (RH)<br>• нормално |
| Ултра бело 30°C | 2,5 kg/<br>2,5 kg/<br>2,5 kg<br><br>2 kg" | Осетливи, помалку валкани алишта, како што се градници, долна тантелна облека, со употреба на специјални средства за перење за бели осетливи алишта, за перење при ниски температури, со нежно вртење лево-десно и ниски обрти на центрифугирање. | • центрифугирање<br>• пумпа стоп (RH)<br>• нормално |
| Делумни програми | Се самостојни програми. Употребите ги, ако не ви е потребна целосна програма на перење. Пред секое повторно избирање програма треба машината за 1 секунда да се стави на “OFF”). Обртите на центрифугирање можете да ги снижите со тастерот (4). | | |
| Плакнење | За плакнење алишта (исто така рачно испрани алишта), без меѓуцентрифугирања и со завршно центрифугирање.<br>Можно е да се избере »повеќе вода « со тастерот (6b). | | |
| Омекнување | За омекнување, штиркање или импрегнирање на испрани алишта.<br>Можете да го употребите и како кратко плакнење, меѓутоа без додадено средство за омекнување алишта. Ќе заврши со завршно центрифугирање.<br>Можно е да се избере »повеќе вода « со тастерот (6b). | | |
| Центрифугирање/ црпење | За центрифугирање алишта.<br>Ако сакате само да ја исцрпете водата од машината, без центрифугирање, тогаш со едноподруго притиснувања на тастерот (4) снижите го дотерувањето на дотерување “DRAIN” (Црпење). | | |

"податоци за slim

## Омилен програм 1

Најпрвин треба програмата да се избере (завртите го копчето за избирање програма на сакана позиција) и промените ги дотерувањата по желба.
За ставање во меморија држите го тастерот (6a) + тастерорт (7). Ќе се испише "POS" **P1** +звучен сигнал.
Програмата е запамтена толку време, додека со иста постапка повторно не ја промените.

## Омилен програм 2

Најпрвин треба програмата да се избере (завртите го копчето за избирање програма на сакана позиција) и промените ги дотерувањата по желба.
За ставање во меморија држите го тастерот (6b) + тастерорт (7). Ќе се испише "POS" **P2** +звучен сигнал.
Програмата е запамтена толку време, додека со иста постапка повторно не ја промените.

**За подобар ефект на перењето, на програмите за Памук препорачуваме 2/3 полнења.**

# 4. ЧЕКОР: ИЗБИРАЊЕ ДОТЕРУВАЊЕ

Секоја програма има основни дотерувања, кои па можете да ги менувате.

Дотерувања ќе промените со притиснување на сакан тастер (пред притиснување на тастерот СТАРТ/ ПАУЗА).
Некои дотерувања на одредени програми не можат да се изберат, на што ве предупредува звучен сигнал и треперлива ламба (види Табела на програми).




## 2 Начин на перење (SensoCare)

NORM NORMALcare (НОРМАЛНО)
(Основно дотерување)

TIME TIMEcare (ВРЕМЕ)
(Перење, каде ќе заштедете време - пократки времиња на перење, повеќе вода).
За програма Памук препорачуваме половично полнење.

ALRG ALLERGYcare (АНТИ АЛЕРГИСКО)
(Перење за алишта чии корисници се посебно осетливи на средства за перење – со употреба на повеќе вода, со додатно плакнење)

ECO ECOcare ⊏ (ЕКО ⊏)
(Перење, каде штедете енергија - додолги времиња на перење, помалку вода).
Начинот (style) на перење се испишува на покажувачот над тастерот.

## 3 Температура на перење

за променување на температурата на избрана програма.
Секоја програма има преддотерана температура која може да се менува со притискање на тастерот (3).
(-- значи ладно перење)
Температурата се испишува на покажувачот над тастерот.

4

## Центрифугирање (Центрифуга)

за променување на обртите на центрифугирање во степени.
Секоја програма има преддотерани обрти на центрифугирање кои можат да се менуваат со притискање на тастерот (4). Можете да изберете и црпење без центрифугирање
(DRAIN).
Задно избирање е “Црпка стоп” (RH), - алиштата ќе останат натопени во водата од задното плакнење.
Црпка стоп вклучите, кога сакате алиштата да не би биле премногу туткани, ако не можете да ги извадите од машината веднаш по завршеното перење.
Обртите на центрифугирање се испишуваат на покажувачот над тастерот.

5

## Време до крајот на перење

Со притиснување на тастерот (5) на покажувачот ќе се покаже предвиденото време до крајот на перење. (Ако на пр. изберете програма која трае 2:39 и го притисните тастерот (5), времето ќе "скокне" на првиот полн час што е во нашиот пример 3:00. Времето ќе се одбројува до 2:39, што значи дека програмата ќе почне со перење после 21 минута и крај на перењето ќе биде после 3 часа.)
Функцијата ќе почне да работи кога го притисниме тастерот СТАРТ/ПАУЗА.
По завршената програма на покажувачот ќе се испише “END”.

- за прекинување или промена на времето до крајот на перење, притисните го тастерот СТАРТ/ПАУЗА. Со притискање на тастерот (5) ќе изберете ново време до крајот на перење и потврдите го со тастерот СТАРТ/ПАУЗА.
- за брзо отповикување на дотерувањето за време до крајот на перење држите 3 секунди на тастерот (5) и со тастерот СТАРТ/ПАУЗА ја продолжувате програмата за перење.
- ако дошло до прекин на електричната енергија, за продолжување морате да го притисните тастерот СТАРТ/ПАУЗА.

Со притискање на тастерот (5) можно е избирање во чекори по 30 минути (до 5 часа), а понатаму во чекори по 1 час. Максимално дотерување на време до крајот на перење е до 1 ден.
Ако 5 секунди ништо не притисните, ќе се покаже фактичкото време за перење.
За повторно дотерување време за крајот на перење притисните го тастерот (5).

# 5. ЧЕКОР: ИЗБИРАЊЕ ДОДАТНИ ФУНКЦИИ

6a

6b

6c

**Функциите ги вклучувате/исклучу-вате со притиснување на сакан тастер (пред притиснување на тастерот СТАРТ/ ПАУЗА).**

Некои функции на одредени програми не можат да се изберат, на што ве предупредува звучен сигнал и треперлива ламба (види Табела на програми).

6a

## Претперење

за перење многу валкани алишта, пред сé со површинска тешкоотстранлива нечистотија.

6b

## Повеќе вода (Додатна вода)

за перење алишта со поголемо количество вода, и со додатно плакнење на некои програми.

6c

## Самочистечка програма (Самочистење)

zза отстранување нечистотии, бактерии и евентуална непријатна миризба од машината за перење.

Можете да го изберете само на програмата NORM Памук 95 °C и притисните го тастерот (6c). На дисплејот ќе се испише CLN. Истовремено не е можно да се избере ниедна друга функција. Испразните го тапанот на машината за перење и додајте мало количество прашок за перење; за време изведување на програмата во машината за перење не смее да има алишта. Препорачуваме самочистечка програма да задвижите барем еднаш месечно.

6b + 6c

## Заштита за деца

за обезбедување безбедност. Ја вклучувате со истовремено притискање на тастерите (6b) и (6c) за најмалку 3 секунди. Избирањето ќе се потврди со звучен сигнал и на покажувачот ќе се испише "LOCK".

Со иста постапка и ќе ја исклучите заштитата за деца. Додека е вклучена заштита за деца, не можете да промените програма, дотерување и додатни функции. Можете само да ја исклучите машината за перење, ако го завртите копчето за избирање програма (1) на позиција “OFF”. Заштитата за деца ќе остане активна и по исклучување на машината за перење. Ако сакате да изберете нова програма, морате да ја исклучите заштитата за деца.

## ЗВУЧЕН СИГНАЛ

Гласност на звучниот сигнал ќе изберете така да истовремено го завртите копчето за избирање програма (1) на прва позиција во насока на стрелката на часовникот и го притисните тастерот (6c). На дисплејот (покажувачот) ќе се покаже S1.
Со секое притиснување на тастерот се менува конечниот степен на гласност на звукот (3 степени; вредностите со притискање на тастерот (6a)- ги повишувате; (6c)-ги снижувате). Избирањето потврдите го со тастерот (6b). Избраниот степен на гласност ќе се покаже на покажувачот. Задниот избран степен на гласност ќе се запамти.
Ако 5 секунди ништо не притисните, ќе се покаже фактичкото време на перење.

**По исклучување на машината сите додатни дотерувања ќе се вратат на основни вредности, освен дотерувањата на звучниот сигнал и заштита за деца.**

## ДОТЕРУВАЊЕ (НА КОНТРАСТОТ) НА ДИСПЛЕЈОТ (ПОКАЖУВАЧОТ)

Копчето за избирање програма (1) мора да биде на позиција »OFF« најмалку 1 секунда. Потоа притисните го тастерот (2) и истовремено завртите го копчето (1) на прва позиција во насока на стрелката на часовникот.
Со притискатње на тастерите (4,5) светлоста на дисплејот (покажувачот) се менува од -3 до +5.
Со тастерот (5) дисплејот (покажувачот) ќе го осветлите, а со тастерот (4) ќе го затемните.
Избраното осветлување ќе се покаже на дисплејот (покажувачот).
Задното избрано осветлување ќе се запамти.
Доколку 5 секунди не притиснете ништо, ќе се покаже вкупното време на перење.

## ОПТРИМИРАЊЕ НА ВРЕМЕТО ЗА ВРЕМЕ ПРОГРАМАТА

Апаратот со помош на напредна технологија го сознава количеството на полнење во почетната фаза на перење. По детекција (сознавање) на полнењето, апаратот ќе го приспособи времетраењето на програмата.

## СОСТОЈБА НА НИСКА ПОДГОТВЕНОСТ

Доколку по вклучување на машината не задвижите ниедна програма, односно не направите ништо, заради штедење со енергија покажувачот (display) по 5 минути ќе угасне. Ламбата на тастерот СТАРТ/ПАУЗА ќе трепка. Ламбите на додатните функции (6a, 6b, 6c) наизменично трепкаат.
Покажувачот (display) повторно ќе се активира, ако го завртите копчето за избирање програми или притисните на кој бил тастер. Доколку по завршена програма не направите ништо, покажувачот (display) исто така по 5 минути ќе угасне. Ламбата на тастерот СТАРТ/ПАУЗА ќе трепка. Ламбите на додатните функции (6a, 6b, 6c) наизменично трепкаат.

| | |
|---|---|
| *P o* = пондерирана моќност во состојб на исклучување [W] | 0,25 |
| *P l* = пондерирана моќност во состојба на подготвеност [W] | 1,00 |
| *T l* = време во состојба на подготвеност [min] | 10,0 |

**Заради ниска температура на водата, низок напон во мрежата и различни полнења на алишта, времето на перење може да се менува, што одма се коригира на покажувачот.**

# 6. ЧЕКОР: ЗАДВИЖУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Притисните го тастерот (7) СТАРТ/ПАУЗА.

На покажувачот ќе се покаже избраниот Начин на перење, температура на перење, обрти на центрифугирање и време на крај на перењето (ако било избрано), односно време до крај на програмата. На избраните тастери светат ламби.

# 7. ЧЕКОР: КРАЈ НА ПЕРЕЊЕТО

На крај на перењето ве предупредува звучен сигнал, на покажувачот ќе се испише »END«.




1. Отворите ја вратата на машината за перење.
2. Извадите ги алиштата од тапанот.
3. Затворите ја вратата!
4. Исклучите (затворите) го доводот на вода.
5. Исклучите ја машината за перење (Копчето за избирање програма (1) на позиција »OFF«).
6. Извадите го приклучниот кабел од приклучницата.



# ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ

**Пред чистење исклучите ја машината за перење од електричната мрежа.**

**Чистење и одржување на апаратот не смеат да вршат деца без соодветен надзор!**

## ЧИСТЕЊЕ НА САДОТ ЗА ДОЗИРАЊЕ

Спрема потреба исчистите го садот за дозирање средства за перење. Садот за дозирање можете наполно да го извадите од куќиштето со притиснување на јазичето.



**1** Под воден млаз исчистите го садот за дозирање со четка и исушите го. Едновремено отстраните и евентуални остатоци од средства за перење од дното на куќиштето.

**2** Спрема потреба отстраните го и исчистите капачето на чепот.

**3** Исчистите го капачето на чепот под воден млаз и ставите го назад.

# ЧИСТЕЊЕ НА КУЌИШТЕТО НА САДОТ ЗА ДОЗИРАЊЕ, МРЕЖИЧКАТА НА ДОВОДНОТО ЦРЕВО И ГУМЕНИОТ ЗАТНУВАЧ НА ВРАТАТА



**1** Мрежичката во доводното црево повеќепати исчистите ја под воден млаз.

**2** Целото исплакнувачко подрачје на машината за перење, а нарочно млазниците на горната страна од комората за исплакнување, исчистите со четка.

**3** По секое перење избришите го гумениот затнувач на вратата, бидејќи со тоа му го продолжувате векот на траење.

# ЧИСТЕЊЕ НА ФИЛТЕРОТ

При чистење може да истече нешто вода, затоа е добро пред тоа на подот да спрострете впивна крпа.



**1** Капачето на филтерот го отворате со помош на алат (плочест одвртувач, или слично помагало).

**2** Пред чистење на филтерот извадите ја инката за испуштање на водата.

**3** Филтерот постепено завртите го во спротивна насока од стрелките на часовникот. Извадите го филтерот (да полека истече водата).

**4** Исчистите го под воден млаз.

**Ставите го филтерот назад, како што е прикажано на сликата, и привијте го во насока на стрелката на часовникот. За добро затнување затнувачката површина мора да биде чиста.**

**Филтерот треба повремено да се исчисти, нарочно по перење многу влакнести или стари алишта.**

# ЧИСТЕЊЕ НА МАШИНАТА ЗА ПЕРЕЊЕ

Куќиштето на машината го чистите со мека крпа и благо средство за чистење.



**Пред чистење исклучите ја машината за перење од електричната мрежа.**

**Додатна опрема и помагала за одржување, можете да ги разгледате на нашата интернетна страница: www.gorenje.com**

# ПРЕКИНУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

**Сопствено (физичко) прекинување**
Програмата ќе ја прекинете, ако го завртите копчето (1) за избирање програми на позиција “OFF”. Ако има вода во машината, изберите додатна програма (центрифугирење (+DRAIN (црпење) тастер (4)).

**Лични дотерувања**
Првичните подесувања на секој програм можете да ги менувате. Кога ќе изберете програм и додатни функции можете таквата комбинација да ја сочувате со 8 секундно држење на копчето СТАРТ/ПАУЗА. На (покажувачот) дисплејот ќе се испише **SET CHD**.
Програмата е запамтена толку време, додека повторно не ја промените (со иста постапка).

**Тастер ПАУЗА**
Програмата можете секогаш да ја запрете со притиснување на тастерот СТАРТ/ПАУЗА. Ако во тапанот нема вода, е можно по одредено време вратата да ја отворите, инаку па не. Програмата ја продолжувате со притиснување на тастерот СТАРТ/ПАУЗА.

**ПРЕЧКИ**
Програмата ќе прекине, ако дојде до некоја пречка.
На тоа ве предупредуваат треперливи сигнални ламби, звучен сигнал (види заглавие Пречки) и испис на пречка на покажувачот (ERR).

**Прекин на напојувањето (на електрична енергија)**
При прекин на електричната енергија програмата ќе прекине. При повторно воспоставување електрично напојување, за продолжување на програмата морате да го притисните тастерот СТАРТ/ПАУЗА. Дотерувањето време на крај на перењето ќе се подотера (ресетира).
Времето на перење продолжува од таму, каде било прекинато.

**Отворање на вратата при прекин на напојувањето (со електрична енергија)**
Кај модели кои имаат вградено електромагнетна блокада на вратата, вратата можете да ја отворите само со истовремено повлекување на посебен лост (кој е наместен кај филтерот) и рачката на вратата.

**Отворање на вратата (Привремено прекинување/Трајно прекинување - промена на програмата**
Вратата на машината за перење можете да ја отворите само, ако е доволно ниско нивото на вода во машината, во спротивен случај морате најпрвин да ја испразните водата од машината (употребите додатна програма црпење на водата, односно центрифугирање).



**Ако при прекин на електричната енергија има вода во машината, внимавајте да не ја отворите вратата пред да ја исцрпете водата од машината (види Програми/делумни програми: Центрифугирање/ Црпење).**

# ШТО ДА СЕ НАПРАВИ...?

Машината за перење сама го контролира работењето на поединечни функции за време перење.
Ако утврди неправилности, јавува грешка така да на (покажувачот) дисплејот се испише (ERR xx) и ќе се слушне звучен сигнал.
Машината јавува грешка, додека не ја исклучите. Ако е грешка при греење, машината сеедно ќе ја заврши програмата на перење, меѓутоа без греење.
Заради пречки од околината (на пр. електричната инсталација), може да дојде до јавување различни грешки. Во овој случај:

- исклучите ја машината за перење, почекајте неколку секунди,
- вклучите ја машината за перење и повторите ја програмата на перење.
- Доколку грешката се повтори, викните сервисер (центар за повикување).

**Гаранцијата не опфаќа грешки кои се последица од пречки од околината (удар на гром, електрична инсталација, природни несреќи).**

# ТАБЕЛА НА ПРЕЧКИ И ГРЕШКИ

| Пречка/грешка | Причина | Што да се направи...? |
|---|---|---|
| **Машината не работи – покажувачот не е осветлен.** | • Машината не е под напон. | Проверите:<br>• дали е втакнувачот во приклучницата,<br>• дали има напон во приклучницата,<br>• дали е осигурувачот беспрекорен. |
| **Вода тече од машината.** | • Филтерот не е добро привиен.<br>• Доводното црево не е добро привиено на машината или водоводната славина.<br>• Одводното црево е паднато на подот. | • Добро привијте го филтерот.<br>• Доводното црево цврсто привијте го.<br>• Прицврстите го одводното црево на одвод |
| **Машината за време работење се поместува.** | • Машината не е правилно нивелирана.<br>• Транспортните осигуру-вачи не се отстранети. | • Израмните ја машината со дотерливите ноџиња.<br>• Отстраните ги транспортните осигурувачи |
| **Машината за време центрифугирање вибрира.** | • Нерамномерно распоре-дени алишта, посебно, ако има многу малку алишта (на пр. само бањарка). | • Тоа е нормално, машината сама ќе го снижи бројот на обрти, ако бидат вибрациите прејаки. Перите поголемо количество алишта. |
| **За време постапката на перење многу се пени.** | • Преголемо дозирање средство за перење. | • Дозирајте средство за перење според упатствата на производителот, при земање во обѕир тврдоста на водата и валканоста на алиштата. Употребувајте само средства за перење за машинско перење алишта. |
| **Алиштата не се исцентрифугирани како вообичаено. Машината не јавува грешка.** | • Машината вклучила работење UKS*. Заради слабо распоредување на алиштата во тапанот, машината самодејно го снижила бр. на обрти на центрифугата. | • Машината работи нормално. Препорачуваме да перете заедно поголеми и помали делови алишта. |
| **На алиштата има грутчиња од маснотија.** | • Премало дозирање средство за перење (алиштата биле многу масни). | • Исперите ги алиштата уште еднаш. Кај таква валканост дозирајте повеќе прашок за перење или употребите течно средство за перење |
| **На алиштата останале флеки.** | • Сте употребиле течно средство за перење или прашок за обоени алишта, кој не содржи белило.<br>• Сте избрале непримерна програма | • Употребите средство за перење кое содржи белило.<br>• Употребите специјални средства за отстранување флеки |
| **На алиштата има бели остатоци од прашок за перење.** | • Тоа не е заради слабо плакнење на вашата машина за перење, туку од средства за перење без фосфати, кои содржат во вода нерастворливи состојки (зеолити) за омекнување на водата. Тие состојки можат да се таложат на алиштата. | • Алиштата веднаш уште еднаш да ги исплакните.<br>• Употребите течни средства за перење кои не содржат зеолити.<br>• Остатоците обидете се да ги отстраните со четка. |
| **Во садот за дозирање има остатоци од прашок за перење.** | • Премал проток на вода. Некои прашоци за перење јако се прилепуваат на садот, ако е влажен. | • Исчистите ја мрежичката во доводното црево.<br>• Пред дозирање прашок за перење избришите го садот за дозирање. |
| **Средството за омекнување не е наполно исплакнато, вода останува во преградата.** | • Капакот за шмукање не е правилно наместен или па е затнат. | • Исчистите го садот за дозирање и капакот повторно наместите го така да добро наседне. |

| Пречка/грешка | Причина | Што да се направи...? |
|---|---|---|
| **Непријатна миризба во тапанот на машината за перење.** | • Остатоци од ткаенини, средства за перење и омекнување во филтерот.<br>• Развој на бактерии. | • Проверите дали е филтерот чист.<br>• Задвижите самочистечка програма (види заглавие: избирање додатни функции). |
| **Времето за перење е подолго од вообичаеното. На покажувачот времето одма се коригира.** | • Ниска температура на влезната вода.<br>• Машината вклучила работење UKS* заради нерамномерно распоредени алишта.<br>• Низок мрежен напон.<br>• Дошло до прекин на електричното напојување. | • Времетраењето на програмата може да се продолжи до 60%, сепак машината нормално работи.<br>• Времето се продолжува за траењето на прекинот.<br>• Времето се продолжува заради додадени плакнења. |
| **ERR 02**<br>**Машината не ја задвижува програмата на перење**<br>**• на почетокот на перењето: трепка времето на перење.** | • Отворена врата, односно вратата не е правилно затворена. | • Затворите ја вратата така да ја притисните кон машината.<br>• Повторно притисните на СТАРТ. |
| **ERR 03**<br>**Вода не притекува во машината.** | • Нивото на водата не е достигнато.<br>• Пречен е дотекот на вода во машината | Проверите:<br>• дали е водоводната славина отворена,<br>• дали е мрежичката во доводното црево чиста,<br>• притисните повторно СТАРТ. |
| **ERR 06**<br>**Температурата не е достигната.** | • Грешка на грејачот, од-носно отказал грејачот.<br>• Преладна влезна вода.<br>• Рачно долевање вода | • Исклучите ја машината за перење, почекајте неколку секунди.<br>• Вклучите ја машината за перење и повторите ја програмата на перење.<br>• Доколку грешката се повтори, викните сервисер. |
| **ERR 07**<br>**Вода слабо или воопшто не истекува од машината.** | • Одводот на вода од машината е затнат. | Проверите:<br>• дали е филтерот чист,<br>• да не е одводното црево прекршено,<br>• да не е одводот (сифонот) затнат,<br>• да не е одводното црево наместено повисоко од 1 m.<br>• Повторно притисните на СТАРТ. |

Нерамномерно распределените алишта или купчињата алишта во машината за перење може да предизвикаат проблеми, како што е работење придружено со вибрации и бучава. Апаратот ќе ги почувствува таквите проблеми и ќе го активира UKS*.
Помалите парчиња (на пр., крпи, еден џемпер, една бањарка, итн.) или алишта изработени од материјали со специјални геометриски особини е практично невозможно да се распределат рамномерно во барабанот на машината за перење (влечки, големи парчиња, итн.). Ова доведува до неколку обиди да се прераспределат алиштата за перење, што, за возврат, резултира со подолго времетраење на програмата. Во екстремни случаи на неповолни услови, програмата може да заврши без центрифугалниот циклус.
UKS овозможува стабилна работа и го продолжува векот на траење на апаратот.

Ако пречката покрај земање во обзир на горните совети не сте успеале да ја отстраните, викните овластен сервис. Отстранување на дефект, односно рекламација што настанала заради неправилно приклучување или употреба на машината за перење, не е предмет на гаранција. Трошоци за поправка во овој случај покрива самиот корисник.

# СОВЕТИ ЗА ПЕРЕЊЕ И ШТЕДЛИВА УПОТРЕБА НА МАШИНАТА ЗА ПЕРЕЊЕ

Нови обоени текстини производи првпат исперите одвоено од други алишта.

Многу валкани алишта перите во помало количество и дозирајте повеќе средство за перење, односно употребите програма на претперење.

Тешкоотстранливи флеки пред перење намачкајте со посебно средство за отстранување флеки. Препорачуваме »Бабини совети за природно отстранување флеки«.

При малку валкани алишта препорачуваме избирање програма без претперење, употреба на пократки програми (на пр. Time Care (време)) и избирање пониска температура на перење.

При почесто перење алишта при пониски температури и со течни средства за перење можат да се развијат бактерии, кои предизвикуваат непријатна миризба во машината за перење. За спречување на истото е препорачливо да повремено задвижите самочистечка програма (види избирање додатни функции).

Препорачуваме да избегнувате перење многу мали количества алишта заради штедење со енергија и подобри карактеристики на работење на машината.

Здиплени алишта пред ставање во тапанот да ги разлабавите. Употребувајте само средства за перење за перење алишта во машина.

Прашоци за перење или течни средства за перење дозирајте според упатствата на производителот, со оглед на температурата на перење и избраната програма на перење.

Кај тврдост на водата над 14 °dH е потребна употреба на средства за омекнување на водата. Оштетување на грејач, кое е последица од неправилна употреба на средства за омекнување на водата, не е предмет на гаранција. Податоци за тврдост на водата проверите кај вашиот локален дистрибутер на вода.

Не препорачуваме употреба на средства за белење врз основа на хлор, бидејќи можат да го оштетат грејачот.

Во садот за дозирање не ставајте прашок во грутки, бидејќи може да се затне цевката во машината за перење.

При употреба на густо-течни средства за нега препорачуваме разретчување со вода, да спречете затнување на одводот од садот за дозирање.
Течни средства за перење се наменети за програми без претперење.

При повисоки обрти на центрифугирање во алиштата ќе остане помалку влага, затоа е сушењето во машина за сушење поштедливо и побрзо.

| Твдост на водата | Степени на тврдост | | | |
|---|---|---|---|---|
| | °dH (°N) | m mol/l | °fH(°F) | p.p.m. |
| 1 - мека | < 8,4 | < 1,5 | < 15 | < 150 |
| 2 - средна | 8,4 - 14 | 1,5 - 2,5 | 15 - 25 | 150 - 250 |
| 3 - тврда | > 14 | > 2,5 | > 25 | > 250 |

Во случај на тврда вода дозирајте средство за перење според табелата за степен на тврдост 1 и соодветно количество средство за омекнување на водата (земете ги во обзир упатствата на производителот).



Кон машината за перење е приложена затворна плочка, да можете во левата преграда да налеете и течно средство за перење (зависно од моделот). При прашоци за перење затворната плочка е дигната, при течни средства за перење па спуштите ја надолу.

Ако изберете претперење, потоа во фиоката за перење дозирајте само прашковито седство за перење.

| | |
|---|---|
| | Предперење |
| | Перење |
| | Омекнување |

# БАБИНИ СОВЕТИ ЗА ПРИРОДНО ОТСТРАНУВАЊЕ ФЛЕКИ

Пред да употребите наменски средства за отстранување флеки, можете, при помали, едноставни флеки да употребите природни средства, кои не се штетни за животната средина.
Сепак, веднаш треба да се преземат мерки! Флеките треба да се попивнат со впивно сунѓерче, односно хартиена крпа, а потоа да се исплакнат со ладна (млачна) вода, никако па со жешка вода!

| Флека | Отстранување на флеката |
|---|---|
| **Обоени лакови** | употребите терпентин; исплакните со сапуница (пред тоа тестирајте на невидно место) |
| **Боровинки** | лен – накисните во суротка од путер; исплакните со ладна, потоа со топла вода<br>волна - најпрвин нанесите лимонов сок, потоа исплакните<br>свила - избришите со шпиритус |
| **Чај** | исплакните со ладна вода (спрема потреба и сапун за отстранување флеки) |
| **Чоколада** | исплакните со млачна сапуница; нанесите лимонов сок и исплакните |
| **Мастило** | нанесите топол лимонов сок; исплакните<br>нанесите млеко, почекајте да се исуши; исплакните |
| **Фломастри** | употребите мешавина на оцет и шпиритус (1:1); исплакните<br>топол лимонов сок; исплакните |
| **Сенф** | исплакните со млачна вода, односно накисните со сода, исплакните |
| **Јаготки** | накисните во мешавина на оцет и вода |
| **Јајца** | посипете со сол и почекајте да се исуши |
| **Какао** | бели ткаенини - накисните во солена вода |
| **Кари, куркума** | употребите раствор на глицерин; исплакните |
| **Катран** | нанесите обично или масло од кикиритка; потоа исперите |
| **Кафе** | исплакните со солена вода или накисните во солена вода |
| **Хемиско пенкало** | испрскајте со лак за коса; исушите, исплакните со мешавина на оцет и вода<br>- навлажите со вотка и попивните |
| **Моркови** | нанесите со тврд сапун, накисните во вода, исплакните |
| **Боја за чевли** | нанесите масло за јадење; исплакните |
| **Крв** | исплакните со ладна вода |
| **Крв - исушена** | употребите терпентин; исплакните со сапуница (пред тоа тестирајте на невидно место) |
| **Леплива лента** | испеглајте; меѓу плочата за пеглање и ткаенината ставите хартиена крпа. |
| **Лепило** | накисните во шпиритус (или мешавина на оцет и вода); исплакните |

| Флека | Отстранување на флеката |
|---|---|
| **Козметички препарати** | употребите средство за чистење стакло и хартиена крпа |
| **Путер** | исплакните со жешка сапуница (ако ткаенината тоа го допушта) |
| **Маснотија** | чаршаф - посипете со прашок за печиво, исчеткајте по извесно време<br>волна - отстраните со минерална вода<br>употребите мешавина на прашок за печиво + вода (или паста за заби); исушите; истружите<br>свежа флека - посипете со компиров скроб, потоа исчеткајте<br>млеко - исплакните најпрвин со ладна потоа и со жешка вода |
| **Подгорени делови** | испрлени места (на пр. заради пеглање) навлажите со оцет, лимонов сок или сок од кромид; исплакните |
| **Домат** | Флеката обложите ја со резанки од суров компир, исплакните со топла сапуница |
| **Мувла** | накисните во жешка суротка од путер; исплакните со ладна вода |
| **Пот** | накиснувајте во цитронска киселина (12g/l вода); во раствор на боракс или во неразретчен оцет; исперите<br>осетливи, волна – избришите со разретчен оцет<br>свила – сварите компир во несолена вода, оладите, додајте малку алкохол за јадење и со тоа исперите ја свилата |
| **Цвекло** | исплакните со ладна вода (или нанесите боракс), накиснувајте; исперите |
| **Црвено вино** | посипете со сол, истријте со лимонов сок, исплакните |
| **Кармин** | исплакните со млачна мешавина на вода и шампон |
| **Рѓа** | ќе намачкаме со мешавина на лимонов сок и сол; исушите на сонце (пред тоа тестирајте на невидно место)<br>накиснувајте во сок од сварено стабло на рабарбара |
| **Овошје** | исплакните со вода, остатоците избришите ги со оцет или лимонов сок; исперите |
| **Овошен сок** | намачкајте со мешавина на сол и вода, оставите да дејствува 15 минути; исперите |
| **Саѓи** | тријте, издувајте, посипете со брашно; можете да посипете со сол и да го исчукате; или можете да впивните со бел леб |
| **Смола** | облеката ставите ја во кеса и замрзните, замрзната флека истружите,<br>на волна ставите путер или маст и исперите |
| **Шмиргла** | избришите со путер; исперите |
| **Спанаќ** | истријте со суров компир; исперите |
| **Печати** | истријте со лимон и сол; исплакните |
| **Трева** | нанесите разретчен лимонов сок; исперите; на флека на фармерки нанесите паста за заби, исушите, исперите |
| **Восок** | облеката ставите ја во кеса и замрзните, истружите го восокот; на остатокот ставите хартиена крпа и испеглајте; исперите |
| **Гума за џвакање** | облеката ставите ја во кеса и замрзните; одлепите; |

# ОТСТРАНУВАЊЕ

За **амбалажирање** на производите употребуваме материјали љубезни до животната средина, кои без опасност по животната средина можат повторно да се преработат (рециклираат), депонираат или уништат. За таа намена амбалажните материјали се и соодветно означени.

**Симбол** на производот или неговата амбалажа означува дека со производот не смее да се постапува како со вообичаени отпадоци од домаќинство. Производот однесете го на соодветно собирно место за преработка на електрична и електронска опрема.

При **отстранување** на истрошена машина погрижете се за отстранување на приклучниот кабел и уништување на прекинувачот на вратата, да вратата не може да се затвори (безбедност за деца).

Со правилен начин на **отстранување** на производот ќе помогнете да се спречат евентуални негативни последици и влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето, кои можат да се појават во случај на неправилно отстранување на производот. За подетални информации за отстранување и преработка на производот обратите се до пристоен локален орган за отстранување отпадоци, комунална служба или до продавницата во која сте го купиле производот.

# ТАБЕЛА НА ПОТРОШУВАЧКИ ВРЕДНОСТИ

| Програма<br>Памук | Макс. полнење [kg] | Темп. [°C] | Центрифугирање [обрти/минута] | Ефект на центрифугирање [%] | Траење [мин] | Потрошувачка на вода [L] | Потрошувачка на енергија [kWh] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (A-50%) ECO* ⊲ | 9 / 4,5** | 60 | 1000 - 1600 | 59-44 | 181 / 168** | 57 | 0,82 / 0,75** |
| (A-50%) ECO* ⊲ | 9 / 4,5** | 40 | 1000 - 1600 | 59-44 | 160 / 150** | 57 | 0,77 / 0,66** |
| (A-50%) ECO* ⊲ | 8 / 4** | 60 | 1000 - 1600 | 59-44 | 181 / 166** | 54 | 0,73 / 0,66** |
| (A-50%) ECO* ⊲ | 8 / 4** | 40 | 1000 - 1600 | 59-44 | 160 / 150** | 54 | 0,67 / 0,63** |
| (A-40%) ECO* ⊲ | 9 / 4,5** | 60 | 1000 - 1600 | 59-44 | 181 / 168** | 57 | 0,95 / 0,82** |
| (A-40%) ECO* ⊲ | 9 / 4,5** | 40 | 1000 - 1600 | 59-44 | 160 / 150** | 57 | 0,77 / 0,66** |
| (A-40%) ECO* ⊲ | 8 / 4** | 60 | 1000 - 1600 | 59-44 | 181 / 166** | 54 | 0,80 / 0,72** |
| (A-40%) ECO* ⊲ | 8 / 4** | 40 | 1000 - 1600 | 59-44 | 160 / 150** | 54 | 0,77 / 0,65** |
| (A-40%) ECO* ⊲ | 7 / 3,5** | 60 | 1000 - 1600 | 59-44 | 181 / 161** | 49 | 0,77 / 0,62** |
| (A-40%) ECO* ⊲ | 7 / 3,5** | 40 | 1000 - 1600 | 59-44 | 160 / 150** | 49 | 0,65 / 0,55** |
| (A-30%) ECO* ⊲ | 8 / 4** | 60 | 1000 - 1600 | 59-44 | 181 / 166** | 55 | 0,92 / 0,88** |
| (A-30%) ECO* ⊲ | 8 / 4** | 40 | 1000 - 1600 | 59-44 | 160 / 150** | 55 | 0,75 / 0,72** |
| (A-30%) ECO* ⊲ | 7 / 3,5** | 60 | 1000 - 1600 | 59-44 | 181 / 161** | 51 | 0,84 / 0,73** |
| (A-30%) ECO* ⊲ | 7 / 3,5** | 40 | 1000 - 1600 | 59-44 | 160 / 150** | 51 | 0,67 / 0,58** |

* Програма за тестирање според EN 60456 со избирање највисоки обрти

** Половично полнење

Памук 40°C ECO ⊲ и 60°C ECO ⊲, се стандардни програми на кои се однесуваат податоците на енергетската налепка. Примерни се за перење средно валкани алишта и се најефикасни програми во смисла на потрошувачка на вода и енергија. Од таа причина фактичката температура на водата може да се разликува од номиналната температура на циклусот.

| Програма<br>Памук | Макс. полнење [kg] | Темп. [°C] | Центрифугирање [обрти/минута] | Ефект на центрифугирање [%] | Траење [мин] | Потрошувачка на вода [L] | Потрошувачка на енергија [kWh] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **SLIM** | | | | | | | |
| (A-30%) ECO* ⊂ | 6,5/3,25** | 60 | 1000 - 1400 | 59-53 | 181 / 160** | 49 | 0,79 / 0,64** |
| (A-30%) ECO* ⊂ | 6,5/3,25** | 40 | 1000 - 1400 | 59-53 | 160 / 148** | 49 | 0,55 / 0,48** |
| (A-30%) (I)⁻ ECO* ⊂ | 6,5/3,25** | 60 | 1000 - 1400 | 59-53 | 181 / 160** | 49 | 0,76 / 0,62** |
| (A-30%) (I)⁻ ECO* ⊂ | 6,5/3,25** | 40 | 1000 - 1400 | 59-53 | 160 / 148** | 49 | 0,52 / 0,46** |
| (A-30%) ECO* ⊂ | 6 / 3** | 60 | 1000 - 1400 | 59-53 | 181 / 160** | 49 | 0,79 / 0,64** |
| (A-30%) ECO* ⊂ | 6 / 3** | 40 | 1000 - 1400 | 59-53 | 160 / 148** | 49 | 0,55 / 0,48** |
| (A-30%) (I)⁻ ECO* ⊂ | 6 / 3** | 60 | 1000 - 1400 | 59-53 | 181 / 160** | 49 | 0,76 / 0,62** |
| (A-30%) (I)⁻ ECO* ⊂ | 6 / 3** | 40 | 1000 - 1400 | 59-53 | 160 / 148** | 49 | 0,52 / 0,46** |
| (A-20%) ECO* ⊂ | 6,5/3,25** | 60 | 1000 - 1400 | 59-53 | 181 / 160** | 50 | 0,89 / 0,71** |
| (A-20%) ECO* ⊂ | 6,5/3,25** | 40 | 1000 - 1400 | 59-53 | 160 / 148** | 50 | 0,60 / 0,52** |
| (A-20%) ECO* ⊂ | 6 / 3** | 60 | 1000 - 1400 | 59-53 | 181 / 160** | 50 | 0,89 / 0,71** |
| (A-20%) ECO* ⊂ | 6 / 3** | 40 | 1000 - 1400 | 59-53 | 160 / 148** | 50 | 0,60 / 0,52** |

* Програма за тестирање според EN 60456 со избирање највисоки обрти
** Половично полнење
⁻ BPM мотор (инвертер мотор)

Памук 40 °C ECO ⊂ и 60 °C ECO ⊂, се стандардни програми на кои се однесуваат податоците на енергетската налепка. Примерни се за перење средно валкани алишта и се најефикасни програми во смисла на потрошувачка на вода и енергија. Од таа причина фактичката температура на водата може да се разликува од номиналната температура на циклусот.

**Поради разликите кај видот и количината на алиштата, центрифугата, варирањето на електричната струја како и температурата и влагата на амбиентот, можно е измереното траење на програмот и употребата на електричната енергија кај крајниот потрошувач да се разликува од наведеното.**

*Си придржуваме право до евентуални промени и грешки во упатството за употреба.*